**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

*Сектор за урбанизам, заштита на животната средина,*
*комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште*
*Одделение за урбанизам и заштита на животната средина*

бр. 1002-121/9
од 07.05.2019 год.

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), Градоначалникот на Општина Свети Николе го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**

за организирање на јавна презентација и јавна анкета
по **Предлог планот за УПС Кадрифаково, КО Кадрифаково, Општина Свети Николе**

Планскиот опфат за кој се работи предметната урбанистичка документација го опфаќа целиот населен простор.

- **На север** границата на планскиот опфат се движи северно од автопатот А4 (Скопје пат Штип), го сече патот за Ерџелија и повторно продолжува да се движи северно од автопатот А4, односно низ КП бр. 220/3, се до јужно од КП бр. 309/4.
- **На исток** границата го сече автопатот А4 и продолжува јужно низ КП бр. 309/3, стариот пат Скопје –Штип, минува низ западната граница на КП бр. 303, источната граница на КП бр. 298, КП бр. 297, низ КП бр. 293, продолжува низ суводолица се до КП бр. 296/1.
- **На југ** границата продолжува кон запад од точка која лежи на КП бр.296/1, потоа продолжува по јужните граници на КП бр.492/1, КП бр. 498, КП бр. бр. 477, КП бр. 476, КП бр. 456/1, и завршува на КП бр. 455.
- **На запад** границата на опфат започнува од западната граница на КП бр. 455, КП бр. 414, КП бр. 427/1, се движи низ воден тек, ги опфаќа КП бр. 367 и КП бр. 365, продолжува по воден тек се до КП бр. 422, од каде продолжува северно до автопатот А4.

Планскиот опфат е со површина од **33.1 ха.**

Јавната анкета и јавната презентација по Предлог планот за УПС Кадрифаково, КО Кадрифаково, Општина Свети Николе, за плански период 2016-2026 година, Општина Свети Николе, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Свети Николе и на јавно место кое се наоѓа во кругот на месната самоуправа.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **14.05.2019** година во **13:00** часот во просториите на Општина Свети Николе.

Јавната анкета ќе трае **пет работни дена** од денот на одржувањето на јавната презентација, односно почнувајќи од **15.05.2019** заклучно со **21.05.2019** година во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, секој работен ден од **07:30** до **15:30** часот.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

*Сектор за урбанизам, заштита на животната средина,*
*комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште*
*Одделение за урбанизам и заштита на животната средина*

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

м-р Сашо Велковски